Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) упатуваат **јавна реакција** по повод донесувањето на Одлуката за формирање Совет за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор.

Двете организации ја поздравуваат донесената одлука, но изразуваат загриженост заради:

1. Недоволната партиципативност на процесот на консултации во фазата на усвојување на Одлуката;
2. Застапеноста, односно бројноста на граѓанските организации во Советот;
3. Предложеното ниво на државни службеници;
4. Временскиот период кога се носи Одлуката.

Двете организации изразуваат уверување дека надлежните институции ќе ги земат предвид укажувањата и дека ќе изнајдат решение за подобрување на Одлуката а со тоа и на Советот за соработка кој за граѓанскиот сектор е клучна алатка за дијалог и артикулирање на потребите за негов континуиран развој.

**Јавната реакција во целост можете да ја видите овде .**